Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 1105/2022

Дата 15-06-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Делчево, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 1 MW, на дел од КП 921 и дел од КП 922 во КО Очипала, Општина Делчево.** Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 0,68 ha.

Предметниот опфат се граничи со опфат за кој се издадени Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 923, 924 и 963 во КО Очипала, Општина Делчево, со тех.бр. У34921.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y22022** се составен дел на Решението.

3. Реализацијата на проектот - изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 1 MW, на дел од КП 921 и дел од КП 922 во КО Очипала, Општина Делчево, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност, со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 1 MW, на дел од КП 921 и дел од КП 922 во КО Очипала, Општина Делчево, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

5. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план на Република Македонија е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I – IV бонитетна класа за


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 1 MW, на дел од КП 921 и дел од КП 922 во КО Очипала, Општина Делчево, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Делчево, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 43043 од 11.05.2022 година до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 1 MW, на дел од КП 921 и дел од КП 922 во КО Очипала, Општина Делчево. Површината на планскиот опфат изнесува 0,68 ha.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 1 MW, на дел од КП 921 и дел од КП 922 во КО Очипала, Општина Делчево, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1105/2022 од 09.06.2022 година.

Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 1 MW, на дел од КП 921 и дел од КП 922 во КО Очипала, Општина Делчево, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение за **Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со**


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

моќност до 1 MW, на дел од КП 921 и дел од КП 922 во КО Очипала, Општина Делчево, и одлучи како во диспозитивот.

Упатство за правно средство: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил/Одобрил:
Соња Фурнаџиска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk